Уп. Бр. 08-17

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ЕП Еквити Инвестмент С.а р.л. (EP Equity Investment S.á r.l.), со регистрирано седиште на адреса Плаце де Париз 2, Луксембург, ЛУ-ЛУ 2314, Луксембург, преку адвокатско друштво Георги Димитров Адвокати од Скопје, на седницата одржана на ден 15.01.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ЕП Еквити Инвестмент С.а р.л. (EP Equity Investment S.á r.l.), со регистрирано седиште на адреса Плаце де Париз 2, Луксембург, ЛУ-ЛУ 2314, Луксембург, стекнува индиректна самостојна контрола над Касино, Гуичард-Перрачон С.А. (Casino, Guichard-Perrachon S.A.), со регистрирано седиште на адреса Коурс Антоние Гуичард 1, 42008, Сент-Етјен, Франција, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 13.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на ЕП Еквити Инвестмент С.а р.л. (EP Equity Investment S.á r.l.), со регистрирано седиште на адреса Плаце де Париз 2, Луксембург, ЛУ-ЛУ 2314, Луксембург, со која ЕП Еквити Инвестмент С.а р.л.

Луксембург, преку неговото зависно друштво ЕП Еквити Инвестмент III С.а р.л. (EP Equity Investment III S.á r.l.), со регистрирано седиште на адреса Плаце де Париз 2, 2314 Луксембург, Луксембург стекнува индиректна самостојна контрола над Касино, Гуичард-Перрачон С.А. (Casino, Guichard-Perrachon S.A.), со регистрирано седиште на адреса Коурс Антоние Гуичард 1, 42008, Сент-Етјен, Франција.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

ЕП Еквити Инвестмент С.а р.л. е инвестициска компанија регистрирана во Луксембург, фокусирана во инвестиции во друштва кои котираат на берза и Европски бизниси со висок потенцијал. Неговите главни инвестиции во капитал се значителни малцински удели во друштва кои котираат на берза како што се Интернатионал Дистрибутионс Сервицес (Ројал Мејл) / International Distributions Services (Royal Mail), Саинсбури’с (Sainsbury's), Фнак Дарти (Fnac Darty), ПостНЛ (PostNL), Фоот Локер (Foot Locker) и ТФ1 (TF1).

Групацијата на ЕП Еквити Инвестмент С.а р.л, крајно контролирана од физичкото лице г-н Даниел Кретински, е активна во повеќе сектори. Истата има диверзифицирано портфолио на инвестиции во, меѓу другото, областите на енергетика, медиуми, електронска трговија, големопродажба и малопродажба на храна, и спорт.

ЕП Еквити Инвестмент С.а р.л. ја спроведува планираната концентрација преку неговото зависно друштво, ЕП Еквити Инвестмент III С.а р.л. (EP Equity Investment III S.á r.l.), со регистрирано седиште на адреса Плаце де Париз 2, 2314 Луксембург, Луксембург. ЕП Еквити Инвестмент III С.а р.л. е регистрирано како друштво со специјална намена без било какви деловни активности.

Во Северна Македонија, Групацијата на ЕП Еквити Инвестмент С.а р.л. е присутна преку Џирафа (Gjirafa) Групацијата, над која остварува активна заедничка контрола. Џирафа (Gjirafa) Групацијата оперира со алатка за пребарување на албански јазик, платформа за видеа/вести, онлајн маркетнг платформа и платформа за електронска трговија. Џирафа Групацијата има едно зависно друштво во Северна Македонија, ЏИРАФА ДООЕЛ Скопје, кое е активно во областа на електронската трговија на мало.

Касино, Гуичард-Перрачон С.А. (Casino, Guichard-Perrachon S.A.) е примарно активно во областа на малопродажба на стоки за секојдневна потрошувачка преку хипермаркети, супермаркети, дисконти и самопослуги лоцирани во Франција и Бразил под различни брендови. Во Камерун, Касино, Гуичард-Перрачон С.А е присутно преку кеш-енд-кери ланец.

Касино, Гуичард-Перрачон С.А исто така има продавници под своја франшиза во (i) Европа (поточно во Франција, Белгија, Луксембург и Швајцарија), (ii) Француските прекуморски територии, (iii) Африка, (iv) Средниот Исток, и (v) Индискиот Океан. Овие продавници под франшиза се стопанисувани од трети страни (корисници на фрашиза) и Касино, Гуичард-Перрачон С.А ги снабдува овие продавници со стоки за секојдневна употреба.

Дополнително, Касино, Гуичард-Перрачон С.А работи во Франција во областа на онлајн малопродажба, како и со платформата Цдисконт (Cdiscount) која е фокусирана на електроника и други непрехрамбени производи.

Касино, Гуичард-Перрачон С.А нема зависни друштва во Северна Македонија и не е присутно на пазарот на Северна Македонија на ниту еден начин.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (4) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**